A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 - 131/19
25.03 2024 год.
ЗРНОВЦИ

Трговско друштво
СИНПЕКС ДОО
Бр. 05-174/2
25.03.2024 год.
Битола

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на комбинирана машина ровокопач утоварувач за потребите на Општина Зрновци

**склучен на ден 25.03.2024 година во Зрновци помеѓу:**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. Општина Зрновци,** со седиште на ул. "Илинденска" бб, Зрновци, застапувано од Борчо Коцев, Градоначалник , во понатамошниот текст: **договорниот орган** и

**2.** Трговско друштво СИНПЕКС ДОО Битола со седиште ул.„ Воден„ бр.17 Битола, застапувано од одговорно лице Синиша Петровиќ , во понатамошниот текст: **носителот на набавката.**

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е **Набавка на една нова комбинирана машина ровокопач утоварувач за потребите на Општина Зрновци,** согласно Одлуката за избор на најповолна понуда Арх.бр 09-131/17 од 14.03.2024 година по спроведена Отворена постапка со објавување на Оглас број 01792/2024 од 07.02.2024 година . Составен дел на овој договор е поднесената понуда од страна на носителот на набавката , заверена во архивата на Општина Зрновци, со арх.бр.09-131/6 од 08.03.2024 година.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на Договорот од член 1 изнесува 4.490.000,00 денари без ДДВ.

Вкупната вредност на ДДВ изнесува 808.200,00 денари

Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 5.298.200,00 денари

Согласно понудата на носителот на набавката примена преку Електронскиот систем за јавни набавки, во која се пресметани сите транспортни трошоци и сите други трошоци и помошни работи кои се потребни за формирање на цената.

## IV. НАЧИН И РОК НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 3**

Носителот на набавката е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на потпишување на Договорот да го испорача предметот на набавката согласно бараното во техничката спецификација и прифатена понуда, на локација на територијата на Општина Зрновци.

За извршената испорака на предметот на набавка се врши квалитетен прием за што двете договорни страни составуваат Записник за примопредавање со целокупната пропратна документација, утврдена во оваа тендерска

документација/техничка спецификација и од тогаш почнува да тече гарантниот рок за возилото,минимум 1 (една) година гаранција на машината.

Носителот на набавката е должен стоката од предметот на набавката да ја испорача со квалитет од производителот, согласно техничката спецификација, доставените сертификати од производителот и прифатената понуда.

Носителот на набавката при испораката на стоката потребно е задолжително да ја достави целокупната документација утврдена во техничката спецификација.

Комбинираната машина ровокопач утоварувач треба да биде НОВА и првото ставање во функција на истата да биде на местото на испораката, општина Зрновци.

## V. НАЧИН , УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорниот орган ќе изврши плаќање на обврските кон носителот на набавката по доставување на возилото на претходно наведената локација од страна на договорниот орган, а по потпишан записник од извршено примопредавање на возилото, односно по извршена позитивна ревизија на возилото од страна на ангажирано стручно лице во делот на задоволување на техничките карактеристики утврдени од страна на договорниот орган, а исполнети од носителот на набавката.

Средствата за реализација на набавката се обезбедени поголем дел од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој во висина од 4.311.272.00 денари со вклучен 18 % ДДВ согласно Договорот за реализација на проектот „Набавка на комбинирана машина-ровокопач утоварувач за потребите на Општина Зрновци број 09-1238/1 од 27.11.2023 год., а остатокот од средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Зрновци и тоа 988.728,00 денари со вклучен 18% ДДВ, односно 837.905,00 денари без ДДВ.

Средствата од Буџетот на Општина Зрновци ќе бидат исплатени, после извршената исплата од страна на Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, УСЛОВИ И ВАЖНОСТ

**Член 5**

Извршувањето на договорот Носителот на набавката го гарантира со доставување на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, со која гарантира целосно, навремено и квалитетно исполнување на обврската според условите на овој договор.

Носителот на набавката е должен во рок од 5 (пет) дена од денот на доставување на 4 примероци од договорот за предметната набавка да му ги достави на договорниот орган примероците потпишани и заверени, во прилог со банкарска гаранција (во оригинал) за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% од вредноста на договорот во која безусловно се гарантира целосно, квалитетно и совесно исполнување на договорот.

Банкарската гаранција за извршување на Договорот важи од денот на доставата до истекот на важноста на договорот и истата Нарачателот може да ја активира за време на важењето на договорот и по раскинувањето на договорот поради неисполнување на обврските што произлегуваат од овој договор.

**Член 6**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена:

-Доколку Носителот на набавката не го почитува договорниот рок за испорака на стоката;

-Во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на испорачаната стока;

-Во случај на раскинување на Договорот по вина на Носителот на набавката.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договоорт му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот за јавна набавка.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорт или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитено и навремено извршување на договорот.

Доколку Носителот на набавката не ја достави банкараската гаранција, во предвидениот рок, договорот ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

## VII. ГАРАНЦИЈА , ГАРАНТЕН РОК И СЕРВИСИРАЊЕ

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди гарантен период на предметот на набавката во траење од мин.1 година или 1200 работни часа гаранција на машината на возилото.

Носителот на набавката е должен заедно со испораката на возилото да испорача гарантен лист или т.н. гаранција за истото во која ги наведува гаранциските услови и времетраењето на гарантниот период.

Гарантниот перидот започнува да тече од датумот на предавање на возилото на Договорниот орган и потпишувањето на испратница/записник за прием.

**Член 8**

За време на гарантниот период , Носителот на набавката е обврзан да врши сервисирање согласно дадените изјави од тендерската документација која се однесува на техничка или професионална способност.

За време на гарантниот период, Носителот на набавката е должен да ги отстрани (поправи) сите дефекти на возилото , како и да ги замени потребните делови, во согласнот со гарантните услови наведени во гарантниот лист, а по потреба и да го замени возилото во гарантниот рок.

Сите настанати трошоци за материјали, работна рака и резервни делови настанати при сервисирање и отстранување на дефектите во гарантниот рок во согласнот со гарантните услови, паѓаат на товар на Носителот на набавката.

Договорниот орган има право на надомест на евентуална штета што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употреба на возилото од моментот на барањето за поправна или замена, до негово реализирање.

## VIII. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 9**

Носителот на набавката е должен , согласно техничките какактеристики со кои се определува стоката која се испорачува, предмет на овој договор, да гарантира за квалитетот на истата.

Испораката на стоката се смета за извршена по потпишување и заверување на документ испратница и записник од овластено лице на Договорниот орган и овластено лице на Економскиот оператор.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

Квалитативен и квантитативен прием на стоката-предмет на овој Договор го врши Договорниот орган, со документ (испратница) и записник потпишани и заверени од двете договорни страни.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР

**Член 10**

Договорниот орган има право да го раскине договорот поради неисполнување на обврските на Носителот на набавката, а особено:

-доколку носителот на набавката нема да ја изврши испораката на договорното возило во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на потпишувањето на договорот;

-доколку носителот на набавката не го испорача предметот на набавка на место определно во тендерската документација;

- доколку го испорача предметот на набавка кој е неисправен со недостаток или несоодветност по спецификација;

-доколку Носителот на набавката не издаде гаранција за возилото , односно за машината, мин.1 година или 1200 работни часа.

**Член 11**

Договорниот орган, по констатирање на настапувањето на некоја од причините за раскинување на договорот, писмено ќе го предупреди Носителот на набавката во дополнително оставен рок од 7 дена да ја отстрани причината. Доколку носителот на набавката во дополнително оставениот рок не ја острани причината за раскинување, Договорниот орган може да го раскине договорот. Договорниот орган раскинувањето на договоорт , писмено ќе му го соопшти на Носителот на набавката. За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Носителот на набавката.

## X. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 12**

Во сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 13**

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

## XII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 14**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзино исполнување, другата договорна страна има право да бара надоместок на штета што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето, одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

**Член 15**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека неможела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настаните по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 16**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавните набавки и позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

**Член 18**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно, согласни се спорот да го решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 19**

Овој договор е составен од 4 (четири) исти примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| --- | --- |
| Општина Зрновци | ТД СИНПЕКС ДОО БИТОЛА |
| Градоначалник | Одговорно лице |
| Борчо Коцев | Синиша Петровиќ |